Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Триесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 22 март 2022 година**

**Скопје, март 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Триесет и третата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 март 2022 година**

Седницата започна во 13:35 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваше и м-р Даим Лучи, заменик на министерот за култура.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Душко Арсовски и Муамет Хоџа портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваше, доц. д-р Бисера Костадиновска - Стојчевска, министер за култура.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информација за почеток на програмирање на акциската програма за 2023 година во рамките на ИПА III

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

4. Информација за проблематични проекти во рамките на ИПА II

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за почеток на програмирање на акциската програма за 2023 година во рамките на ИПА III.
Истовремено, Владата заклучи:

1. ИПА координаторите од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Министерството за финансии, Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за локална самоуправа, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за транспорт и врски, Министерството за одбрана, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за економија, во соработка со Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување, ЈП Железници на Република Северна Македонија Инфраструктура и Јавното претпријатие за државни патишта, да земат активно учество на програмската мисија на 4-5 април 2022 година преку презентирање на стратешките и секторски приоритети кои во исто време претставуваат зрели проекти кои се во рок од една година, истите да отпочнат да се реализираат веднаш по добивање на средствата и притоа да се има директна вклученост во процесот на министрите и раководителите на институциите, со помалку технички пристап.

2. Сите министри од институциите наведени во заклучок број 1 да се приклучат активно во подготовката на проекти за ИПА Годишната програма за 2023 година.

3. Сите министерства и државни институции да го користат ТАИЕКС механизмот за брзо и ад-хок обезбедување на експертска помош во вид на работилници, експертска помош и студиски посети, согласно приоритетите кои се наведени во заклучоците од сите поткомитети во рамки на Комитетот за стабилизација и асоцијација, како и заклучоците од ИПА мониторинг комитетите, согласно воспоставени правила за користење на овој механизам.

4. Сите министерства и државни институции при планирање на проектите во рамките на ИПА III за 2023 година да предлагаат модел на твининг за спроведување на планираните активности, како механизам кој нуди директна соработка со администрација на ЕУ земјите членки и пренесување на знаење, пракса и експертиза.

5. Натамошната поддршка на граѓанскиот сектор останува приоритет, во насока на континуирана реализација на приоритетите кои произлегуваат од државните стратегии.

Исто така, да се започне процес за акредитација на Министерството за локална самоуправа.

**<u>Точка 2</u>**

По оваа точка немаше предлози.

**<u>Точка 3</u>**

**1**. Владата по Барањето за изменување на Заклучок по Точка 57, (Прашања и предлози), од 119-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 ноември 2021 година, заклучи истиот да се измени и да гласи:

„Владата на предлог на Министерството за локална самоуправа го задолжи Мухамед Зеќири, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија да склучи договор за ангажман на еден правен консултант заради имплементација на проекти на ЕУ за потребите на Министерството за локална самоуправа од посебната програма од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023/24 година, наменета за ангажман на советници и сл.“.

**2**. По повод укажувањето на м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, за потребата од формирање на нова институција за енергетска транзиција со цел обезбедување стабилна набавка на енергетски ресурси, поголема независност во обезбедувањето на истите, како и брза транзиција на производство на енергија со енергетски ресурс кој не е базиран на јаглен, а со цел реорганизација во делот на енергетиката и пристапување кон дефинирање на специфични проекти во согласност со сите стратешки документи, Владата заклучи:

- Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да ја побара од Делегацијата на Европската Унија во Република Северна Македонија Студијата за справување со лицата кои што се вклучени и работат во енергетскиот сектор во Кичево и Битола, како најголеми региони во земјата кои воедно имаат и најголем број вработени во енергетскиот сектор, а кои ќе бидат погодени од транзицијата на производство на електрична енергија од јаглен и други извори во обновливи извори на енергија и да ја достави до Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и истата да се разгледа на Економскиот совет на Владата на Република Северна Македонија, со цел да се предложат наредните чекори до Владата.

**Точка 4**

Владата ја разгледа и ја усвои Информацијата за проблематични проекти во рамките на ИПА II и притоа заклучи:

- Се задолжува Секретаријатот за европски прашања во соработка со надлежните министерства да го разгледаат секој од проблематичните проекти поединечно и да предложи решение за истите за средбата со Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Северна Македонија.

*

*          *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:45 часот.

**ЗАМЕНИК НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Тахир Хани**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Димитар Ковачевски**